***З А П И С Н И К***
***од Итна седница на Совет на Општина Демир Хисар***
***одржана на 07.03.2022 година***

Седницата се одржа во салата за состаноци на Советот на општина Демир Хисар во кабинетот на Грдаоначалникот на општина Демир Хисар со почеток во 10 $^{00}$ часот.

На седницата присуствуваа 8 (осум) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет) и тоа: Аце Јанкуловски, Марина Димитријовска, , Ивана Кочовска, Љупчо Најдовски, Александра Трајковска, Јасмина Јовановска, Јордан Кромидаровски и Валентин Несторовски, а отсутни беа советниците Сандра Пејковска, Сашо Михајловски и Филип Ангелевски.

На седницата присутен беше Градоначалникот на општина Демир Хисар Никола Најдовски. Од општинската администрација присутнен беше Раководителот Мише Милошевски. На седницата присутен беше Бојан Кочовски со предходно писмено известување за негово присуство.

Бидејќи Советот нема избрано претседател, согласно член 68 став 5 седницата ја свика и со неа раководеше најстариот член на Советот Љупчо Најдовски.

Записникот го водеше Виолета Пајковска.

На седницата се расправаше по следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Донесување на Одлука за давање согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот „**Изработка на проектна документација за канализациона мрежа со предтретман на отпадни води за с.Вардино, Општина Демир Хисар**“.
2. Донесување на Одлука за давање согласност на намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проект **„Изградба на нова водоводна мрежа во с.Слепче, Општина Демир Хисар“.**
3. Донесување на Одлука за одобрување на приоритетен проект **„ Изработка на техничка документација за изградба на мост на река Журешница“ во с.Журче, општина Демир Хисар“.**
4. Донесување на Одлука за одобрување на приоритетен проект **„Изградба на канализациона мрежа со предтретман на отпадни води за с.Журче, Општина Демир Хисар“.**
5. Предлози и прашања.

Претседавачот Љупчо Најдовски ја отвори седницата констатира присуство на осум советници од вкупно единаесет. Предложениот Дневен ред го стави на гласање. За усвојување на Дневниот ред гласаа 8 „за“ против и воздржани немаше.

ТОЧКА 1. Одлука за давање согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот „**Изработка на проектна документација за канализациона мрежа со предтретман на отпадни води за с.Вардино, Општина Демир Хисар“**

За Одлуката за давање согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот „**Изработка на проектна документација за канализациона мрежа со предтретман на отпадни води за с.Вардино, Општина Демир Хисар“** објаснување имаше Раководителот Мише Милошевски. Ги запозна советниците Министерството за животна средина и просторно планирање распиша повик кој рок на аплицирање е до 08.03.2022 година затоа имаше потреба од итна седница. Не е прв пат да се носат вакви одлуки на итна седница не можи да се предви се чека повикот и се аплицира согласно условите. Вредноста на овај проект е 476.000, сопствено учество имаме 58.464 тоа е износот кој треба да се плати за услови за планирање на просторот. За да може да се аплицира треба да се добие дозвола за испуштање на отпадни води и

одобрение за градба, но тие се долги постапки. Советничката Марина Димитријовска праша дали е проблем што овај проект не беше планиран во програмата за уредување на земјиште, таму беа планирани за Жван, Журче, Стара река и канализација во Демир Хисар, а советничката Ивана Кочовска дополни да не треба прво да се дополни програмата. Раководителот Мише Милошевски објасни програмата е жива материја можи да се менува, за Жван и за Журче треба одобрение за градење постапката е во тек, за канализацијата во Белче ни требаше една година за довола за испуштање на отпадните води. Градоначалникот Никола Најдовски додаде овде станува збор за изработка на техничка документација додека за канализацијата во Демир Хисар за дел од краците се планира пролетва да се работи. Дискусија повеќе немаше. За донесување на одлуката гласаа 8 „за“ против и воздржани немаше.

ТОЧКА 2. Одлука за давање согласност на намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проект **„Изградба на нова водоводна мрежа во с.Слепче, Општина Демир Хисар“**

За Одлуката за давање согласност на намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проект **„Изградба на нова водоводна мрежа во с.Слепче, Општина Демир Хисар“** Раководителот Мише Милошевски објасни исто повикот е преку Министерство за животна средина и просторно планирање предходната година аплициравме со истиот прост во целиот износ 18.321.000 без учество, оваа година за да ги зголемиме шансите за добивање на средства одлучивме да се подели проектот на повеќе фази првата фаза е високата зона која е и најкритична за снабдување со вода и сопсвено учество 10 % односно 550.000 денари. Краен рок за аплицирање е 10.03.2022 година. Дискусија повеќе немаше. За донесување на одлуката гласаа 8 „за“ против и воздржани немаше.

ТОЧКА 3. Одлука за одобрување на приоритетен проект **„ Изработка на техничка документација за изградба на мост на река Журешница“** во с.Журче, општина Демир Хисар“

За Одлуката за одобрување на приоритетен проект „ Изработка на техничка документација за изградба на мост на река Журешница“ во с.Журче, општина Демир Хисар“ Раководителот Мише Милошевски објасни овај проект е догогодишен заложба и желба на сите совети да се направи, некои проекти се провлекуваат повеќе години, но желбите се едно, а можностите друго. Се работи за мала должина, да не ги коментираме опасностите сега се става како приоритетен проект. Претседавачот Љупчо Најдовски додаде во овај проект општината нема сопствено учество, целосно ќе биде финансиран од каде ќе се аплицира, овај мост е од големо значење за жителите во Журче. Дискусија немаше. За донесување на одлуката гласаа 8 „за“ против и воздржани немаше.

ТОЧКА 4. Одлука за одобрување на приоритетен проект **„Изградба на канализациона мрежа со предтретман на отпадни води за с.Журче, Општина Демир Хисар“**

За Одлуката за одобрување на приоритетен проект „Изградба на канализациона мрежа со предтретман на отпадни води за с.Журче, Општина Демир Хисар“ Претседавачот Љупчо Најдовски објасни проектот е изготвен од направени комуникации ми беше ветено дека кон крајот на месецот ќе има објавено повик се надеваме дека ќе можи да се реализира проектот. Раководителот Мише Милошевски објасни овај проект е вреден 29 милиони денари како постапка треба да се добие дозвола за испуштање на отпадните води и одобрение за градба. Овој проект е со две можности и тоа една е со предтретман грубо таложе и втората можност фирма за соработка на проекти да ни даде проект за пречистителна станица ќе видиме. Желбата на сите е да се пречистуваат отпадните можеби со предтретман. Министерството за животна средина дозволува изработка на вакви канализациони системи. Ако се бара средства за Журче ќе се бара со целосно пречистување на отпадните води заради заштита на површинските води, но тоа е дополнителен издаток на граѓаните, бидејќи ваквите системи и цените се услуга се многу поскапи. Советничката Марина Димитријовска праша дали ќе се аплицира до Министерството за животна средина и дали општината ќе има сопствено учество. Раководителот Милошевски објасни овие одлуки се потребни, бидејќи се бара одлука за приоритетн проект. Дискусија повеќе немаше. За донесување на одлуката гласаа 8 „за“.

***ТОЧКА 5 Предлози и прашања***

Претседавачот на Советот Љупчо Најдовски го презентирање барањето поднесено до Советот за објавување на снимките од седниците поднесено од Бојан Кочовски. Потоа додаде ова е на неколку пати побарано и од советниците. Градоначалникот Никола Најдовски објасни за снимките се

размислува да се  врши пренесување во живо на седниците на Совет на општинскиот facebook. Потоа додаде сега се врши снимање на седниците и ако овие снимки се објават многу е непријатно да се слушаат само гласови. Затоа се планира во живо да се пренесуваат седниците.
Претседавачот Љупчо Најдовски ги запозна советниците за поднесеното барање од Мирјана Јанчевка да се донеси одлука за волонтерско учество за реализација на програмата за бездомните кучиња. Советникот Валентин Несторoски додаде тоа би се однесувало за лоцирање и пријавување на кучиња кои понатаму треба да се третираат. Градоначалникот Никола Најдовски објасни во завршна фаза е тендерот за третирање на кучињата, имаше две фирми пријавено ветеринарната Зебра е избрана, а како би се вклучиле волонтери треба да се види законската основа. Мирјана Јанчевска со нејзината активност тоа и го прави помага за справување со оваа проблематика, исто и Тони Петровски е на висина на задачата како законски би се уредило тоа треба да се види.
Претседавачот Најдовски праша како се справија службите со последниот снег немаше негативни реакции од граѓани, мислам дека бевте добри. Градоначалникот Никола Најдовски одговори и предходно и сега добро се справувавме со чистењето на снегот, неможи се наеднаш да се исчисти секаде се дава приоритети. Треба да се има разбирање да се исчисти каде навистина има потреба, да не се доведуваме во трошоци сега е пролетно време.
Претседавачот Љупчо Најдовски истакна сега се планира реконструкција на патот Сладуево – Крушево ќе има гребење на асвалтот, тој материјал можи да се искористи за земјоделските патишта тука се за полскиот пат Прибилци – Бараково, да се складира тој материјал со него ќе се заврши многу работа, ќе се ангажира комуналното претпријатие да го растури материјалот по патишата. Исто патот за езерото во Стругово можи да се постели со ваков материјал.  Ќе заштедиме многу пари. Полските патишта се во лоша состојба, исто сега има поплавување на полето во Журче, да се искористи чакалот. Советничката Марина Димитријовска праша дали Демир Хисар е влезен во програмата за патиштата. Градоначалникот Најдовски одговори да се планираат три полски патишта Слепче -Белче, Света има планирано и уште еден пат во Слепче.  Потоа додаде исто се планира и материјалот од патот во Сопотница да се искористи за патот кај манастирот. Советникот Јордан Кромидаровски праша за улиците во Смилево во многу лоша состојба се, проекти има изработено. Исто куќата од Даме Груев сопственикот ја даде на Министерството за култура, ако има можност и тоа да се искористи за добивање на средства. Градоначалникот Никола Најдовски објасни се чека повик ќе се аплицира, сопствени средства нема. Се планира исто и улицата 11 Октомври. Претседавачот Љупчо Најдовски праша за повикот преку Министерството за транспорт и врски, а раководителот Мише Милошевски објасни ние имаме аплицирано за патот Слоешетица и за Сопотница за улица 1 и 3 останати се уште малку средства. Тие проети беа изготвени преку Светска банка, и повикот е преку нив, а сега бараат корекција на проектите кои сами ги низработуваа. Ќе се чекаат повикот Агенцијата за финансика подршка на руралниот развој  до еден километар. Советникот Аце Јанкуловски  праша за дел од патот во Вардино исто да се планира асвалтирање. Градоначалникот Никола Најдовски рече сите кои можеме да помогнеме каде можеме добро е да се вклучиме ви стојам на располагање каде има потреба ќе се сретниме ќе разговараме важно е да се реализираат повеќе проекти.
Дискусија повеќе немаше. Дневниот ред беше исцрпен. Претседавачот Љупчо Најдовски ја затвори седницата.

Бр. 17-298/4
14..03.2022 година
Демир Хисар

Совет на Општина Демир Хисар
Претседавач,
Љупчо Најдовски  с.р.